*АВТОМОБИЛИСТИЧКА ФЕДЕРАЦИЈА*

*НА МАКЕДОНИЈА*

# ПОСЕБЕН ПРАВИЛНИК ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА НА НАТПРЕВАР ВО АВТО СПОРТОТ

*2021,Скопје*

Врз основа на член 61 од Правилникот за Авто и картинг спорт на Автомобилистичката Федерација на Македонија, Одборот за авто спорт на АФМ на својата седница одржана на 14-12-2020 го донесе овој:

# ПОСЕБЕН ПРАВИЛНИК ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА НА НАТПРЕВАРИ

## ОРГАНИЗАТОРИ НА АВТО НАТПРЕВАРИ

Член 1

Организатори на авто натпревари може да бидат организациите на АФМ кои ги исполнуваат условите пропишани со член 56,57 и член 58 од Правилникот за авто спорт на АФМ.

## КАЛЕНДАР НА НАТПРЕВАРИ

Член 2

Ниту едно натпреварување од државен или меѓународен ранг не може да биде одржано доколку претходно не е впишан во календар на натпревари, согласно член 65 и член 66 од Правилникот за авто спорт на АФМ.

Календарот на натпревари го изготвува Одборот за Авто спорт на АФМ, а меѓународниот ФИА.

Календарот за авто спорт на АФМ е поделен на поткалендари означени со римски броеви и тоа:

I. Авто натпревари на кружни патеки
II. Авто натпревари на ридски патеки
III. Картинг натпревари
IV. Рели натпревари

Секој натпревар впишан во Календарот за авто спорт на АФМ ќе биде заведен под свој број и во сите службени документи и преписки мора да биде наведуван и користен бројот на натпреварот од календарот.

Во календарот може да се впише и додатен натпревар но не подоцна од завршување на два натпревара пред крајот одод дисциплината на тој натпревар.

Член 3

Пријавите за впишување на натпревар во соодветен календар мора да содржат:

- Име на натпреварот
- Име на организаторот
- Адреса и телефон на организаторот
- Предлог дата за одржување на натпреварот
- Алтернативна дата за одржување на натпреварот
- Ранг на натпреварот
- Шампионат за кој се пријавува натпреварот

Пријавите за впишување на натпревар во календарот за авто спорт на АФМ и меѓународни календари се доставуваат во АФМ и мора да бидат заверени и потпишани од организаторот на натпреварот.

Роковите за впишување на натпревари во меѓународните календари се пропишуваат од ФИА, а роковите за впишување на натпревари во календарот за авто спорт на АФМ ги пропишува ОАС на АФМ.

Промената на датата на одржување на натпреварот може да се одобри најдоцна 60 (шеесет) дена пред одржување на натпреварувањето.

Промената на датата на одржување на натпреварот ја одобрува ОАС на АФМ, по претходно мислење од соодветната стручна комисија, за натпревари од државен ранг, односно ФИА за меѓународни натпревари.

За секоја промена на датата на одржување на меѓународен натпревар се уплатува такса во износ од:

а. Доколку барањето за промена на датата на одржување на натпреварот е поднесено најдоцна 90 (деведесет) дена пред одржување на натпреварот, во износ од 1/2 (половина) гаранција за натпреварот поднесена со конкурсот за организација на натпревари
б. Доколку барањето за промена на датата на одржување на натпреварот е поднесено најдоцна60 (шеесет) дена пред одржување на натпреварот, во износ од 1 (една)гаранција за натпреварот поднесена со конкурсот за организација на натпревари.
в. Доколку барањето за промена на дата на одржување на натпревар е поднесено во рок пократок од 60 (шеесет) дена пред одржување на натпреварот, барањето ќе биде одбиено.

Член 4

При усвојување на календарот на натпревари во авто спорт на АФМ и при одредување на организатори на меѓународни натпревари, предност ќе имаат организаторите кои, по оценка на ОАС на АФМ, располагаат со подобри услови за организација на натпревари, имаат подобри организациони способности, кои организирале повеќе натпревари од државен и меѓународен ранг.

## *ПОСЕБЕН ПРАВИЛНИК ЗА НАТПРЕВАР*

Член 5

Ниту едно натпреварување не може да биде организарано без посебен правилник на натпреварот кој ги регулира деталите на натпреварот.

Предлогот на посебниот правилник за натпреварот го изготвува организаторот и неговата примена може да уследи само по усвојување на истиот од Стручната комисија на АФМ, односно ФИА за меѓународни натпревари.

При изготвување на посебниот правилник за натпреварот, организаторот во уводниот дел мора да наведе дека натпреварот се одржува согласно Правилникот за авто спорт на АФМ, посебните правилници, неговиот додаток за соодветната дисциплина.

Член 6

Посебниот правилник за натпреварот мора да содржи:

- Полно име на натпреварот
- Податоци за организаторот (адреса, телефон, факс, меил и т.н.)
- Список на спортски функционери на натпреварот

- Директор на натпревар
- Помошници на натпреварот (доколку ги има)
- Секретар на натпреварот
- Претседател и членови на техничка и верификациона комисија
- Хроно екипа
- Жири на натпреварот
- Делегат на АФМ
- Технички делегат на АФМ

Програма на натпреварот која мора да содржи:

- Рокови за поднесување на пријави за натпреварот
- Време и место на извршување на техничкиот преглед и верификација на документи
- Време,место и одговорно лице за брифинг со возачите
- Времето на одржување на тренинзите
- Времето на стартот на трките
- Времето и местото на одржување и бројот на седници на жири
- Времето и местото на кое ќе бидат објавувани резултатите и стартните листи
- Времето, лицето и местото за поднесување на приговори

- Времето и местото на доделувањето на награди
- Скица на патеката
- Должина на трката, односно број на возања
- Условите за возилата и класи
- Услови за возачи

Член 7

Посебниот правилник за натпреварот предложен од страна на организаторот, не може да биде одобрен доколку не е усогласен со Правилникот за авто спорт на АФМ, со овој Правилник и останатите правилници во рамките на одреден шампионат.

Член 8

Согласно член 67,68,69,70,71 и 72 од Правилникот за авто спорт на АФМ, организаторот е должен да го достави преглогот на посебниот правилник за натпреварот на усвојување најдоцна 45 (четириесет и пет) дена пред одржување на натпреварот.

Доколку во овој рок организаторот не го достави посебниот правилник за натпреварот на усвојување, Стручната комисија на АФМ го откажува натпреварот, а поднесената гаранција се задржува.

Гаранцијата ќе се искористи за одржување на тој натпревар, со алтернативна дата, но со друг организатор.

Предлог посебниот правилник за меѓународни натпревари се доставува преку АФМ, во рокови пропишани од ФИА.

Одобрениот посебен правилник за натпреварот може да се промени од страна на организаторот најдоцна 21 (дваесетиеден) ден пред одржување на натпреварот, но само во случај на виша сила, но таа промена мора да биде одобрена и заверена од страна на ОАС на АФМ.

Одобрениот посебен правилник за натпреварот, во исклучителни случаеви на виша сила, може да биде променет непосредно пред почетокот и за време на натпреварот, по претходна согласност на жирито на натпреварот, но и по ваквото менување на посебниот правилник на натпреварот истиот мора да биде усогласен со Правилникот за авто спорт на АФМ, со овој Правилник и сите останати правилници во рамките на шампионатот.

Во случај кога условите во ставт 1 и ставот 2 на овој член не се исполнети, одржаниот натпревар може да биде поништен.

Сите измени и дополнувања на посебниот правилник за натпреварот им се соопштуваат на пилотите и натпреварувачите во билтените кои мора да бидат нумерирани, со точно време на издавање на службената огласна табла.

Организаторот е должен да го достави одобрениот посебен правилник за натпреварот најдоцна 15 (петнаесет) дена пред одржување на натпреварот до сите АК/АКК.

***ПАТЕКИ***

Член 10

- Најмала дозволена должина на патеката е 2000 метри.
- Најмала дозволена ширина на патеката е 6 метри.
- Стартот мора да биде обележан со стартна линија и стартни места.
- Стартните места се обележуваат така да првото стартно место е на страната која е на страната напрвиот свиок.
- Второто место е лево или десно најмалку 6 метри позади првото.
- Третото стартно место е најмалку 12 метри позади првото.
- Четрвтото стартно место е најмалку 12 метри позади второто и така по ред до последното .

- Широчината на стартното место минимално изнесува 2 метри.

- Одалеченоста на првиот свиок од стртно-целната линија минимално е на 200 метри.

- Сите свиоци мора да имаат обезбедено зони за излетување.

- Доколку истите не мозат да се изведат ( градски улици ), тогаш морат да бидат обезбедени спрема Член 2 од правилникот А01 за натпревари на кружни патеки за авто спортови.

- Приближување до опасните свиоци и забавувањето мораат посебно да бидат обележани со табле: 150,100 и 50 метри.

- Подлогата на патеката мора да биде асфалтна или бетонска, детално очистена и одмастена.

### *ВЕРИФИКАЦИЈА*

Член 11

Верификацијата мора да започне најмалку три часа пред почетокот на слободниот тренинг.

Документите за верификацијата се впи{уваатна обрасци изработени за таа намена.Организаторот за верификационата комисија мора да обезбеди посебна канцеларија или покриен простор.

Организаторот мора во посебниот правилник за натпреварот да го наведе почетокот и крајот на верификацијата, просторот каде ќе се врши верификацијата и казнените одредби за задоцнување на верификацијата.

### *ТЕХНИЧКА КОМИСИЈА*

Член 12

Техничкиот преглед го спроведува техничката комисија на организаторот, составена од функционери со важечка лиценца заверена од АФМ.

Техничкиот преглед мора да започне најмалку три часа пред почеток на слободниот тренинг.

Податоците за извршениот технички преглед се запишуваат на посебни обрасци изработени за таа намена.

На техничкиот преглед возачот може да пријави повеќе мотори или возила на кој техничката комисија ќе изврши преглед и може да ги користи како резервни.

За техничкиот преглед организаторот е должен да обезбеди покриен простор.

Организаторот во посебниот правилник за натпреварот мора да го наведе почетокот и крајот на техничкиот преглед , како и за секоја класа посебно.

На натпреварот мора да биде присатен и технички делегат на АФМ, кој ќе ја води техничката комисија на организаторот и :

Надгледува правилно изведување на техничкиот преглед.

Прави преглед на возилата на кои е вложен приговор.

### *ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИ*

Организаторот на натпреварот е должен да ги објави резултатите и пласманот на натпреварот, во зависност од дисциплината, во рокови пропишани со додатоците на Правилникот за авто спорт на АФМ .

Неофицијалните резултати мора да бидат објавени на огласната табла и на нив мора јасно да биде назначено времето на објавување.

Официјалните резултати ги заверува претседателот на жирито на натпреварот.

Комплетните резултати, организаторот е должен да ги достави во рок од 24 (дваесет и четири) часа по завршување на натпреварот во АФМ, а во рок од 5 (пет) дена до сите АК/АКК кои учествувале на натпреварот.

Официјалниот пласман во класите во кои на некое(и) од возилата е вложен приговор за контрола на техничка усогласеност на возилото, не се прогласуваат се до конечниот наод од техничкиот делегат на АФМ и одлуката на жирито за евентуално бришење на резултати и пласман на одреден возач.

Непридржувањето на членовите од овој посебен правилник повлекува дисциплинска одговорност врз директорот и претседателот на жирито.

***ЖИРИ***

Член 13

Жирито мора да има најмалку три седници

1. седница на жири по завршување на верификационен и технички преглед
2. седница на жири по завршување на званичниот тренинг
3. седница на жири по завршување на натпреварот

Дневен ред за седниците на жири комисијата

1.Седница

Преглед на потребна документација за одржување на натпреваро, ја доставува организаторот

Извештај на верификациона и техничка комисија за пријавени возила ,натпреварувачи и АК / АКК

Примедби и барања на натпреварувачите и АК / АКК до жирито на натпреварот

Изготвување стартна листа

Разно

2.Седница

Извештај за одржаниот тренинг

Примедби и барања

Решавања на можни примедби и протести

Изготвување на стартна листа по завршен тренинг

Разно

3.Седница

Извештај на директорот на трката

Примедби и барања

Решавање на можни приговори

Изготвување на конечни резултати

Разно

Член 14

Натпреварот се одвива под надзор на жирито, кое е единствено надлежно да одлучува за сите вложени приговори од натпреварувачите и возачите.

Жирито на меѓународните натпревари се формира согласно правилата на ФИА, а за останатите натпревари согласно членот 37 од Правилникот за авто спорт на АФМ.

Должности на жирито на натпреварот се:

- да врши контрола дали натпреварот се одвива во согласност со Правилникот за авто спорт на АФМ, посебните правилници, додатоците на правилникот и посебниот правилник за натпреварот.
- пред почетокот на натпреварот да ги прегледа сите документи потребни за непречено одвивање на натпреварот
- да ја прегледа патеката на која се одвива натпреварот и да утврди дали патеката е обезбедена спрема елаборатот и леценцата на патеката, а согласно тоа да го одложи почетокот на натпреварот за најмногу 2 (два) часа, за кое време организаторот треба да постапи спрема барањата на жирито на натпреварот.

- во спротивно жирито може да донесе одлука за забрана на одржување на натпреварот.
- во случај на инцидент да ги сослуша сите актери и нивните изјави да ги достави заедно со извештајот и предлогот за поведување на дисциплинска постапка до дисциплинскиот судија против постапки на натпреварувачи, возачи, спортски функционери кои предизвикале инцидент.
- да одлучува по поднесени приговори
- да усвојува официјални резултати од натпреварот

Член 15

Гласањето се одвива јавно и ниеден член од жирито не може да гласа воздржано.

Доколку поради било кои причини, некој од членовите на жирито не дојде на натпреварот, организаторот на натпреварот ќе предложи, а останатите членови на жирито ќе именуваат друг член, спортски функционер со лиценца од ранг соодветен на натпреварот, кој ги има сите права, должности и обврски како и останатите членови на жирито, согласно Правилникот за авто- спорт на АФМ и овој посебен правилник.

На својата прва седница жирито го одредува начинот и програмата на следењето на одвивањето на натпреварот од членовите на жирито.

На седниците на жирито присаствуваат без право на глас и директорот на натпреварот, секретарот на натпреварот, претседателот на техничка и верификациона комисија, техничкиот делегат на АФМ и доколку е потребно, одредени спортски функционери, натпреварувачи и пилоти, на барање на жирито.

Сите присатни кои на било кој начин со своите постапки ја оневозможуваат работата на жирито ќе бидат отстранети од седниците.

## *ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИ*

Член 16

Организаторот на натпреварот е дилжен да ги објави резултатите и пласман на натпреварот, во зависност од дисциплината, во рокови пропишани со додатоците на Правилникот за авто спорт на АФМ.

Неофицијалните резултати мора да бидат објавени на огласната табла и на нив мора јасно да биде назначено времето на објавување.

Официјалните резултати ги заверува претседателот на жирито на натпреварот.

Комплетните резултати, организаторот е должен да ги достави во рок од 24(дваесетичетири)часа по завршување на натпреварот во АФМ, а во рок од 5(пет) дена до сите АК/АКК кои учествувале на натпреварот.

Официјалниот пласман во класите во кои на некое(и) од возилата е вложен приговор за контрола на техничката усогласенос на возилото,не се прогласуваат до конечниот наод од техничкиот делегате на АФМ и одлуката на жирито за евентуално бришење на резултати и пласман на одреден пилот.

Непридржувањето на членот од овој посебен правилник повлекува дисциплинска одговорност.

## *КОТИЗАЦИЈА*

Член 17

Котизација за секој поединечен натпревар изнесува 50 евра во денарска противредност на жиро сметка на организаторот, и истата оди како парична помош за органиаторот.

## *ПОНИШТУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИ*

Член 18

Спортската комисија на АФМ, може да ги поништи резултатите од натпреварот или дел од тој натпревар, на предлог на жирито на натпреварот или соодветната комисија, со одлука, доколку се утврди дека грубо се прекршени правилниците по кои се изведува натпреварот.

## *ОСИГУРУВАЊЕ*

Член 19

Организаторот на натпреварот е должен да ги осигура сите спортски функционери и службени лица вклучени во организација на натпреварот, како и публиката, во случај на повреда или смрт за времетраење на натпреварот.

Висината на осигурувањето за секоја година ја одредува ОАС на АФМ.

## *ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ*

Член 20

Право на толкување на овој Додаток е во надлежност на Комисиите за кружни и ридски натпревари и ОАС на АФМ.

Овој додаток е усвоен од ОАС на АФМ и важи за натпреварувачката 2021 година.

Автомобилистичка Федерација
на Македонија
Претседател за спорт
Ранко Станојковски
с/р